ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 1203 – 187/9**

**Дата: 23.07.2009**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ЗЕЛЕНИКОВО**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Органот на Општина Зелениково за 2008 година, кои се прикажани на страните од 9 до 11.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Органот на општина Зелениково за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Борче Гиевски, градоначалник на општина Зелениково во 2008 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 8 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 23.03. до 06.04.2009 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни корекции на финансиските извештаи прифатени и спроведени од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 07.07.2009 година примени се забелешки на Претходниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2008 година на општина Зелениково за средствата на сметката на Органот, под број 1211-187/7 од 07.07.2009 година, од одговорното лице на субјектот за периодот на ревизија - од поранешниот градоначалник. Истите се разгледани при што е одлучено следното :

- забелешките кои се однесуваат во наодите од точките 10.1.1., 10.2.1., 10.3.1., 10.4.1., 10.5.1., 10.5.3., 10.6.1. а, б, в и 10.6.2. не се прифаќаат и наодите остануваат во Конечниот извештај од причина што ревизијата не доби релевантни и достатни ревизорски докази како основа за нивно прифаќање..
- забелешките на наодите од точките 10.4.2. од Прилог 1 реден број 2 **делумно се прифаќа** и забелешката на точка 10.5.2. од Прилог 2 реден број 7 **се прифаќа,** од причина што на ревизијата и се доставени дополнителни документи кои за време на ревизијата не и беа дадени на увид ( прилог градежна книга и основен проект за изградба на локален пат).

11**.** Со ревизијата на финансиските извештаи за 2008 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**11.1. Систем на интерни контроли**

11.1.1. Процес на плаќање

Во општина Зелениково не се воспоставени интерни контроли, што придонесува да постои ризик плаќањата да не се извршени врз основа на архивски заверена, комплетна, ликвидирана и потврдена од одговорни лица документација.
Причините за ова се следните:

- недоволна екипираност на општинската администрација, концентрација на повеќе надлежности кај еден вработен (подготовка на буџет, изготвување квартални извештаи, сметководствено евидентирање на трансакциите, пресметка на плати, благајничко работење, годишна сметка на буџетот);
- отсуство на пишани процедури за движење на документацијата со јасно дефинирани и разграничени надлежности и одговорности во однос на потврдување на комплетноста и веродостојноста на трансакциите;
- не се врши ликвидирање на документацијата;
- не е назначен овластен сметководител.

Во текот на 2009 година назначен е овластен сметководител.

Плаќањата врз основа на документација која не е комплетна и веродостојна создава можности за ненаменско и незаконско користење на буџетските средства на Општината.

**Препорака:**

- градоначалникот на општина Зелениково да донесе пишани процедури во кои јасно ќе бидат дефинирани надлежностите и одговорностите на вработените во процесот на плаќање;
- одговорниот сметководител да ја потврдува точноста и комплетноста на документите, и
- да назначи лице за ликвидирање на документите пред нивно одобрување за плаќање.

### 11.2. Неправилна примена на акти

11.2.1. Градоначалникот на општина Зелениково има донесено Одлука број 08-179/1 од 21.03.2008 година со која се утврдува начинот на располагање со службени мобилни телефони. Со ова Одлука право на користење со месечно ограничување на трошоците имаат вработени во општинската администрација и советниците. Право на користење без месечно ограничување на трошоците има градоначалникот на општината за два телефонски броја и еден општински број а за еден број не е наведено кој ќе го користи. Со увид во документацијата ревизијата утврди дека расходите по основ на користење на службени мобилни телефони се во износ од 930 илјади денари а во вкупните тековни расходи учествуваат со 14,7%. Обврската која останува на крајот на годината кон Т-Мобиле во износ од 1.080 илјади денари, во вкупно евидентираните обврски учествува со 11,7%. Имајќи предвид дека сметката на општината е блокирана и ограничените финансиски можности високите расходи по овој основ укажуваат на непочитување на буџетските начела за транспарентно, економично, регуларно и ефикасно трошење на буџетски средства.

**Препорака:**
Градоначалникот на општината да донесе Одлука со која ќе се регулира правото на користење на службени мобилни телефони со утврден лимит за сите корисници, како и начинот на задржување на трошоците над одобрениот лимит.

### 11.3. Неправилна примена на сметководствени политики и начела

11.3.1. Пописот на средствата и изворите на средствата на општина Зелениково со состојба на 31.12.2008 година не е целосно извршен, односно извршен е физички попис само на опремата, не е извршен попис на обврските и попис на дел од материјалните средства. При тоа, не е извршено усогласување на фактичката состојба утврдена со физичкиот попис на опремата со нивната вредност искажана во сметководството, поради што ревизијата не се увери во реалноста и објективноста на искажаната вредност на материјалните средства.
Основните средства не се обележани односно немаат инвентарни броеви.
Пописните листи освен назив на основното средство и количина не содржат набавна вредност (книговодстевена и по попис), исправка на вредноста и сегашна вредност. Ваквата состојба е наследена како вкупна вредност без да се знае колку отпаѓа на кое основно средство, поради што и не е пресметана амортизација.
Нема Извештај за извршениот попис од страна на пописната комисија што не е во согласност со Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Ова е резултат на неправилна примена на законските прописи и придонесува за нереална проценка на билансните позиции а со тоа и до нереални финасиски извештаи.

**Препорака:**
Пописната комисија да врши попис согласно одредбите од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

11.3.2. Во Општина Зелениково не се воспоставени сметководствени политики и начела за евидентирање на набавките/материјалите поткрепени со соодветни документи за прием и издавање на истите. Во текот на 2008 година извршени се набавки во вкупен износ од 1.480 илјади денари на електро материјали за одржување на јавно улично осветлување. Немањето материјална евиденција за набавените материјали е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Причина за оваа појава е воспоставената долгогодишна пракса. Во недостиг на евиденција и воспоставени контролни постапки, зголемена е можноста од ненаменско користење на материјалите.

**Препорака:**
- набавката на материјали да се регулира со општ акт со кој ќе се утврди потребата за набавка, приемот и трошењето на материјалите, и
- одржувањето на улично јавно осветлување за кои е задолжена општината да се довери на субјекти избрани со постапки утврдени со Законот за јавни набавки, а општината во рамките на своите овластувања да врши надзор на извршување на истите.

11.3.3. Ревизијата утврди дека по предавање на завршната сметка податоците во сметководствената база во електронска форма остануваат достапни и менливи, односно нема безбедносна заштита од менување/бришење на базата на податоците, што е спротивно на Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници. Ефект од оваа состојба е нереално искажување на билансните позиции.

**Препорака:**
По изготвување на завршната сметка редовно да се врши заклучување на базата на податоци, со цел да се оневозможи промена на податоците.

**11.4. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите**

11.4.1. Од позицијата плати, наемнини и надоместоци повеќе се исплатени средства во вкупен износ од 265 илјади денари, од кои 171 илјада денари за нето плати и 94 илјади денари за придонеси за социјално осигурување и останати придонеси од плати. Причина за повеќе исплатените плати се неточно утврдените бодови во решенијата за пресметка на плати на вработените во општина Зелениково кое е спротивно на Законот за државни службеници. Непочитување на законските прописи придонело до незаконско и ненаменско трошење на буџетските средства.

**Препорака:**
- Одделението за општи, правни, финансиски работи и јавни дејности да изврши усогласување на решенијата за плати согласно Законот за државни службеници, и
- Градоначалникот да преземе мерки незаконски исплатените средства да бидат вратени.

11.4.2. Отсуството на пишани процедури за протокот на финансиската документација, невоспоставените интерни контроли како и неименувањето одговорен сметководител кој ќе ја потврдува комплетноста и точноста на документите, е причина што во општина Зелениково се вршени плаќања по некомплетна документација, што е спротивно на

Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Со увид во сметководствената документација за 2008 година, ревизијата утврди дека се исплатени средства по некомплетна документација во вкупен износ од 1.457 илјади денари, (Прилог број 1) и тоа:

- по фактури кои не се поткрепени со испратници се исплатени вкупно 214 илјади денари;
- по фактури без градежна книга и по времена ситуација без градежен дневник, каде количините во градежна книга не се совпаѓаат со количините во ситуацијата и фактура со иста дата со понудата, се исплатени вкупно 503 илјади денари, и
- исплатени се вкупно 740 илјади денари по фактура за која не е даден на увид изработен елаборат и по времена ситуација за која не е дадено на увид одобрение за градење и проект.

Плаќањата извршени по некомплетна документација доведува до ненаменско и незаконско трошење на средствата и неправилно проценување на билансните позиции што резултира со изготвување на нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**
Градоначалникот да не одобрува плаќања по некомплетна документација и не потврдена од лица кои ќе гарантираат дека се набавени добрата и се извршени услугите.

11.4.3. Приходите и расходите во Билансот на приходи и расходи на општина Зелениково се нереално прикажани поради наодот во точка 10.3.1. во Извештајот за извршената ревизија на Буџетот на Општина Зелениково.

### 11.5. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба

11.5.1. Општина Зелениково во својата евиденција го нема евидентирано имотот добиен согласно Решението број 23-257/53 од 08.02.2000 година, за пренесување на право на сопственост на недвижен имот од Република Македонија на општина Зелениково врз основа на спроведен делбен биланс, донесено од Владата на Република Македонија. Поради тоа искажаната состојба на материјалните средства на 31.12. 2008 година не ја претставува реалната состојба на материјалните средства и изворите на истите.
За имотот со кој располага и е нејзина сопственост, не се обезбедени имотни листи од Агенцијата за премер и катастар на Република Македонија, и не е извршена проценка на нивната вредност. За дел од имотот во тек е судски спор за утврдување на правото на сопственост.

**Препорака:**
За имотот до обезбедување на имотни листи, да се изврши проценка согласно Методологијата за проценка на пазарната вредност на недвижниот имот, а одделението за сметководство да изврши вонбилансно евидентирање на истиот.

11.5.2. Позициите Краткорочни обврски спрема добавувачи и Активни временски разграничувања во Билансот на состојбата на 31.12.2008 година, се нереално и необјективно прикажани поради евидентирање на фактури за извршени набавки по некомплетна документација (нема испратници, нема записник за прием на стоката од институцијата за која е набавена, нема архивска заверка) во вкупен износ од 85 илјади денари (Прилог број 2).

**Препорака:**

Одделението за општи, правни и финансиски работи и јавни дејности евидентирањето на фактурите да го врши на основа на комплетна и од овластени лица потврдена документација.

11.5.3. Врз основа на меѓународните стандарди за ревизија 500 - Ревизорски докази и 505 - Екстерни конфирмации, од страна на ревизијата беа испратени конфирмации до комитентите заради обезбедување на достатни соодветни ревизорски докази за состојбата на обврските. За неизмирени обврски во вкупен износ од 9.202 илјади денари беа испратени 17 конфирмации кон добавувачите во вкупен износ од 8.246 илјади денари, кои опфаќаат 89,61% од вкупните обврски на Општина Зелениково.
Од испратените конфирмации, до денот на завршување на ревизијата добиени се одговори од 4 комитенти што опфаќа 2.264 илјади денари, што е 27,45% во однос на испратените конфирмации, кои ја потврдуваат состојбата искажана во евиденцијата на Општина Зелениково и за 12 конфирмации во вкупен износ од 5.983 илјади денари не се добиени одговори, што е 72,55% во однос на испратените конфирмации.
Од извршените анализи на салдата и продолжената ревизија извршена кај правен субјект од кој не е добиена испратената конфирмација, ревизијата утврди дека позицијата Краткорочни обврски спрема добавувачите во Билансот на состојбата не е реално и објективно искажана.
Со продолжената ревизија кај правниот субјект во делот на деловните односи со општина Зелениково ревизијата утврди дека во периодот 2006, 2007 и 2008 година не се усогласени состојбите во деловните односи со општина Зелениково.
Причина за оваа состојба е нередовно евидентирање на потврдена документација од страна на општина Зелениково. Ефект од оваа состојба е искажување на нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**

- Одговорниот сметководител да преземе мерки не е евидентираната документација да се евидентира во сметководството и да се утврдат точните состојби на обврските спрема добавувачите.
- одделението за општи, правни и финансиски работи и јавни дејности редовно да врши усогласување на обврските со комитентите.

**11.6. Неправилна примена на Законот за јавни набавки**

При увидот во начинот на спроведување на постапките за јавни набавки ревизијата утврди неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки.

11.6.1. Во текот на 2006 и 2007 година спроведени се јавни набавки во вкупен износ од 8.842 илјади денари (Прилог број 3) спротивно на Законот за јавни набавки и тоа:
а) при спроведување на постапките за јавни набавки постапено е спротивно на член 10 и 21 од Законот:

- набавувачот спровел постапки за јавна набавка без претходно планирани и обезбедени средства со Буџетот, во вкупен износ од 5.025 илјади денари, и
- не се поднесуваат изјави во писмена форма за постоење или непостоење на конфликт на интереси од страна на членовите на комисијата за јавни набавки.

б) во делот на начинот на спроведување на постапките за јавни набавки (општи одредби) постапено е спротивно на член 36, 40, 41, 49, 50 и 54 од законските одредби:

- тендерската документација за отворен повик не ги содржи задолжителните елементи кои во зависност од предметот на набавката се неопходни;
- набавувачот по објавување на критериумите во повикот, истите ги менува при оценување и споредување на понудите;
- понудувачот во понудата не наведува дека ќе работи со подизведувач, и

- во три постапки понудувачите немаат обезбедено соодветни документи за својата финансиска, економска и техничка способност, а во две постапки во вкупен износ 4.295 иљади денари условите во склучените договори со избраните понудувачи не се исти со дадените понуди.

в) во делот на склучување на договор спротивно на член 89, во една постапка склучен е договор на износ од 3.516 иљади со понудувач кој не учествувал во постапка, а за другите понудувачи кои се оценувани на ревизијата не и се доставени документи, што се сведува на неспроведување на јавна набавка и ништавност на склучениот договор.

11.6.2. Во текот на 2008 година спроведени се јавни набавки во вкупен износ од 14.610 иљади денари (Прилог број 4) во отворени постапки и барање за прибирање на понуди со објавување на оглас и постапено е спротивно на член 26, 28, 47, 62, 117, 140, 162 и 167 од Законот за јавни набавки и тоа:

- набавката во една постапка во износ од 3.500 иљади денари не е предвидена во планот за јавни набавки;
- донесените одлуки за јавна набавка немаат утврдено износ на средства за реализација на договорот;
- во една постапка и покрај предвидена гаранција за квалитетно извршување на договорот, понудувачите, вклучувајќи го и избраниот понудувач немаат доставено гаранција, договорниот орган избира најповолна понуда и донесува одлука врз основа на критериуми утврдени во огласот и во тендерската документација, иако понудувачот чија понуда е избрана за најповолна не ги исполнува пропишаните критериуми за утврдување на способност. Известувањето за доделување на договорот за јавна набавка до понудувачите е доставено по законски предвидениот рок. При изведбата извршена е промена на материјалот на цевките во однос на тендерската документација. Склучен е договор на износ 6.630 иљади денари;
- извршена евалуација на понудувачите иако не доставиле комплет документација;
- во две постапки критериумите за избор, не се исти во огласот, инструкциите, извештајот за отварање со доставените понуди;
- во една постапка прворангираниот понудувач за некои позиции има дадено невообичаено ниски цени, без барање на образложение за оправдување на цената во понудата, за најповолен понудувач избран е второрангираниот понудувач и склучен договор на рамковен износ 2.000 иљади денари. Договорот нема единечни цени и предвидени максимални количини;
- во две постапки со барање на понуди за неделива набавка, со изборот набавката е поделена на два понудувачи. Во една од постапките понудите не се во согласност со тендерската документација и не се совпаѓаат датите на понудата со огласот, архивските дати и дата на отварањето. Во другата од постапките склучен е договор со понудувач кој не учествувал во постапката.

б) кај постапките спроведени за ОУ„Марко Цепенков„ и тоа:

- за набавката на екстра лесно масло за греење, одлуката за јавна набавка нема утврдено износ на средства за реализација на договорот, и
- за набавката на огревно дрво, Одлуката за јавна набавка не содржи количина на набавката, износот на средствата потребни за реализација на договорот, нема доказ дека огласот за доделување на договор за јавна набавка е испратен за објавување, нема тендерска документација, нема изјава од економскиот оператор и нема прилог друга документација освен понудата.

в) спротивно на законските одредби извршени се набавки во вкупен износ од 6.698 илјади денари (Прилог број 5), од добавувачи кои не се избрани во спроведени постапки.
Спроведувањето на постапки за јавни набавки, спротивно на Законот за јавни набавки, создава можност за фаворизирање на одредени фирми, ја спречува конкуренцијата и придонесува за набавки по зголемени цени.

**Препорака:**
Да се воспостават процедури и постапки кои ќе обезбедат соодветна примена на одредбите од Законот за јавни набавки, почнувајќи од планирање, евалуација, избор на најповолен понудувач и доделување на договор на најповолниот понудувач.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.3. и 11.5. финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на сметката на Органот на Општина Зелениково под 31 декември 2008 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.4. и 11.6. кај Органот на Општина Зелениково за 2008 година, не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2008 година.

**14. Прифатени и корегирани неправилности од страна на Органот на Општина Зелениково во текот на ревизијата, а се однесуваат на:**

**14.1. Корекции кај Билансот на состојба**

Вкупните ефекти од прифатените и спроведени корекции од страна на субјектот во текот на ревизијата во Билансот на состојбата се однесуваат на следните позиции и тоа:
Позицијата Постојани средства во Билансот на состојбата е зголемена за 14.671 илјади денари за изградени Градежни објекти и Материјални средства во подготовка со соодветно зголемување и корекции кај Изворите на деловни средства и Пасивните временски разграничувања како кореспондентна сметка.

15. Обрнуваме внимание во овој извештај, дека сметката на општина Зелениково е без прекин блокирана од 01.06.2008 година за обврски од 2003 година и нема обезбедено месечен лимит на трошоци, освен за сметките на група 40 - Плати, наемнини и надоместоци. Останува за извршување износ од 949 илјади денари.
Општината е тужена страна во пет судски спорови и тоа:

- по основ на долгови по предмети кои се во постапка за вкупен износ од 2.951 илјади денари;
- за предавање на регионален водовод, постапката е во тек, и
- од вработен за исплата на плата и придонеси износ 116 илјади денари.

Општина Зелениково се јавува како тужител во една постапка со едно правно лице за предавање на недвижност во владение.

Скопје, 22.07.2009 Овластен државен ревизор

## ОРГАН НА ОПШТИНА ЗЕЛЕНИКОВО

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 година

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло жение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 16,551 | 12,416 |
| **Вкупно приходи** | | **16,551** | **12,416** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 4,365 | 4,026 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 60 | 171 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 906 | 1,788 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4. | 1,000 | 1,021 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **6,331** | **7,006** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 10,220 | 5,410 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **10,220** | **5,410** |
| **Вкупно расходи** | | **16,551** | **12,416** |

**ОРГАН НА ОПШТИНА ЗЕЛЕНИКОВО**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 9,202 | 9,449 |
| **Вкупно тековни средства** | | **9,202** | **9,449** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 15,773 | 1,082 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.2. | 40 | 0 |
| **Вкупно постојани средства** | | **15,813** | **1,082** |
| **Вкупна актива** | | **25,015** | **10,531** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 9,202 | 9,449 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.2. | 40 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **9,242** | **9,449** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 15,773 | 1,082 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **15,773** | **1,082** |
| **Вкупна пасива** | | **25,015** | **10,531** |

**ОРГАН НА ОПШТИНА ЗЕЛЕНИКОВО**

**ПРЕГЛЕД**

**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА**
**ЗА 2008 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2008 година** | **1,082** | **1,082** |
| **Зголемување по основ на:** | **14,691** | **14,691** |
| Набавки | 60 | 60 |
| Исправки по ревизија | 14,631 | 14,631 |
| **Намалување по основ на:** | **0** | **0** |
| Амортизација | 0 | 0 |
| **Состојба 31.12.2008 година** | **15,773** | **15,773** |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 1206-187/22**

**Дата: 20.10.2009**

Врз основа на член 23 став 6, 7 и 8 од Законот за државната ревизија (“Службен весник на РМ” бр. 65/97, 70/01, 31/03, 19/04, 70/06 и 133/07), постапувајќи по добиениот Приговор по Конечен извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи на Општина Зелениково сметка на Органот ( во понатамошниот текст Општината) за 2008 година заведени под број 1203 – 187/9, Главниот државен ревизор го донесе следното :

# Р Е Ш Е Н И Е

По поднесен приговор на Конечен извештај

1. Приговорот поднесен на **точките** 11.1.1., 11.2.1., 11.4.1., 11.4.2., 11.5.2., 11.6.1. точка а),б) и в) и 11.6.2. точка а) и в)**,** од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2008 година на Општина Зелениково сметка на Органот **се одбива.**

2. Решението по доставениот приговор на Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор претставува прилог на Конечниот извештај и интегрално се интерпретира во Годишниот извештај.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Против Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи на Општина Зелениково за 2008 година поднесен е приговор заведен под број 1205-187/19 од 27.08.2009 година и дополнување на приговорот број 1205 – 187/20 од 11.09.2008 година од одговорното лице на субјектот за периодот кој е предмет на ревизија, од претходниот градоначалник. Приговорот и дополнувањето на приговорот се одбиваат од причина што не се поднесени од законскиот застапник на субјектот.

Согласно Законот за државна ревизија Приговор против Конечниот извештај на овластениот државен ревизор може да поднесе законскиот застапник на субјектот кај кој е извршена ревизија.

**Главен државен ревизор**